# Годишен извештај

за работата на
ООУ„Христијан Карпош“

Куманово

**на крајот**

**од учебната 2020/21 год.**



**Карактеристики на училиштето**

ООУ „Христијан Карпош“ Куманово е лоцирано во населбата „Перо Чичо“ на ул„ Радоје Димиќ“ бб каде претежно живеат Македонци, а помал дел Роми и Срби , сите со различен социјален и економски статус.

Во учебната 2020/21 год,по национален состав кај ученичката популација, од 1153 ученици, 924 се изјасниле дека се Македонци,36 Срби и 199 Роми.

Училиштето започнува со работа како самостојно од 1959 год. најпрвин во централното градско подрачје, а подоцна, во 1976 год. е дислоцирано во новата населба „Перо Чичо“ во Куманово. Во својот состав има 2 подрачни училишта и тоа во с. Тромеѓа и нас. „Иго Тричковиќ“, кои се оддалечени од училиштето од 3 до 5 километри.

Воспитно-образовниот процес се изведува на македонски јазик. Се работи во две смени (првата смена во централното училиште започнува од 7:15 до 12:45 , додека втората смена започнува од 13:15 до 18:40. Смените се менуваат наизменично, на две седмици.

Училишната зграда е од тврда градба, со приземје и два ката, но со недоволен простор за сместување на толкав број ученици. Располага со 20 училници, 5 кабинета, 3 субстандардни училници во подрумскиот дел како и спортска сала која се наоѓа во училишниот двор и е во склоп на училиштето.

Подрачното училиште во с.Тромеѓа работи во една смена, додека Подрачното училиште во нас. „Иго Тричковиќ“кое во нормални услови работи во 2 смени, поради условите на пандемија, работеше во 1 смена.

Во одделенска настава во оваа учебна година беа опфатени 670 ученици, распоредени во 36 паралелки, додека во предметна настава беа опфатени 483 ученици, распоредени во 20 паралелки.

Училиштето спаѓа во категорија на големо и развиено училиште со 91 вработен, од кои 74 наставен кадар, 1 директор, 1педагог, 1 психолог, 1 специјален едукатор,1 библиотекар, 1 секретар, 1 хаус мајстор, 1 домаќин и 10 хигиеничари.

Централното и подрачното училиште во с.Тромеѓа се затоплуваат на парно греење, додека подрачното училиште во нас. „Иго Тричковиќ“ се затоплува со печки на дрва.

Училиштето има Статут кој е усогласен со Законот, на кој е дадена согласност од МОН со Решение бр.19-5475/2 од 14.09.2009 год.

# Листа на одделенски раководители за учебната 2020 /2021 год.

| | | | |
|---|---|---|---|
| I а | Маја Мирчевска | VI а | Дејан Левковски |
| I б | Емилија Димитриевска | VI б | Весна Алексова |
| I в | Љубица Стојановска | VI в | Милица Тимчевска |
| I г | Љубинка Велкова | VI г | Јагода Бојковска |
| I д | Фросина Јаневска | VI д | Сузана Стаменковска |
| I И.Тр. | Сузана Милковска | | |
| I Тр. | Стојанка Атанасовска | VII а | Габриела Николовска |
| | | VII б | Билјана Петровска |
| II а | Александра Стаменовска | VII в | Елена М.Деспотовска |
| II б | Валентина Стошевска | VII г | Марија А. Стојановиќ |
| II в | Биљана П.Антовска | VII д | Ивана Д. Нојковска |
| II г | Весна Трендафиловска | | |
| IIд | Ангелина Клековска | VIII а | Дејан Младеновски |
| IIИ.Тр.1 | Елизабета Цветковска | VIII б | Елена Алексиевска |
| II И.Тр.2 | Адриана В. Трајковска | VIII в | Виолета Митровска |
| II Тр. | Сашка Јордановска | VIII г | Весна Станојковска |
| | | VIII д | Невена Стојмановиќ |
| III а | Дивна Димитриевска | | |
| III б | Славица Коцевска | | |
| III в | Владанка Ј. Божурска | IX а | Момчило Сотировски |
| III г | Биљана Величковски | IX б | Даниела Стојановска |
| III д | Наталија Димитриевска | IX в | Мирољуб Пауновиќ |
| IIIИ.Тр. | Емилија Стојмановска | IX г | Слаѓан Спасовски |
| . III Тр. | Виолета Трајковска | IX д | Александар Русевски |
| | | | |
| IV а | Лидија Лазаревска | | |
| IV б | Александра Павловска | | |
| IV в | Данијела Стефановска | | |
| IV г | Емина С.Денковска | | |
| IV д | Маја Стефановска | | |
| IVИ.Тр. | Снежана Петковска | | |
| . IV Тр. | Марина Стојановска | | |
| | | | |
| | | | |
| V а | Милена Ј.Јовановиќ | | |
| V б | Дијана П.Јаневска | | |
| V в | Лидија Николиќ | | |
| V г | Сандра Николиќ | | |
| V д | Зорица Милановска | | |
| V И.Тр. | Татјана Петковска | | |
| V Тр. | Марина Трајковска | | |
| | | | |

**Материјално технички и други подготовки за работа на училиштето**

Подготовките за учебната 2020/21 год. започнаа уште во месец јуни истата година кога во училиштето се обавени повеќе активности околу:

Варосување, чистење, потребни поправки, уредување на училниците и сл.;

Извршена е целосна дезинфекција и дезинсекција повеќекратно во сите простории во Централното и Подрачните училишта како и набавка и сместување на потребни средства за дезинфекција на влезот од училиштето, по училниците, ходниците, санитарните јазли и пошироко.

Доставување на бесплатни учебници во библиотеката и до учениците се одвиваше организирано на однапред закажани термини со цел да се запазат предвидените мерки во услови на пандемија. Евиденцијата за дистрибуираните учебници се води уредно од страна на одделенските раководители и библиотекарот,но динамиката на дистрибуцијата и количината на учебниците зависи од други фактори . Голем дел од учебниците се нарачани но не се доставени.

Во склоп на сите активности мораме да истакнеме дека е извршен уписот на учениците во прво одделение(на деца обврзници од реонот на училиштето) со целосно придржување кон новонастанатите услови во месец јули од страна на педагошко психолошката служба, формирани се паралелки и распоредени кај наставниците во прво одделение.

Распоредени се и придојдените ученици и оние кои го повторуваат одделението.

Наставниците благовремено беа известувани за сите промени како и организирани семинари и советувања се со цел прилагодување на наставата во услови на пандемија.За таа цел, неопходно беше наставниците да ги поминат обуките за работа со повеќе видови на платформи кои понатаму станаа неминовен дел од остварување на наставниот процес.

Истите,благовремено ги извршија сите подготовки за успешно започнување на воспитно-образовниот процес на учениците кој оваа година започна со закаснување од 1 месец и наместо во септември, оваа училишна година започна во месец октомври.

Во текот на подготвителниот и почетокот на овој квартален период, наставниците и претставници од Стручната служба , посетија некои обуки и семинари:

Во организација на БРО, а во склоп на Активностите за поттикнување на демократската клима во училиштето која произлегува од новиот Концепт за граѓанско образование, во времетраење од 4 часа на платформата zoom кон средината на месец јуни, беше организиран семинар на кој учество земаа директорката, предметниот наставник по граѓанско образование и психологот на училиштето.

Во овој период одделенските наставници Билјана П. Антевска, Валентина Стошевска и психологот Јадранка Арсовска во период од 4 дена беа учесници на семинарот кој во почетокот на месец октомври под покровителство на фондацијата „Чекор по чекор“ беше организиран на тема „Образование за социјална правда и почитување на разлики.“ Тема на заеднички активности од семинарот беа предрасудите, стереотипиите, дискриминацијата и справување со истите во современиот свет.

Во рамки на проектот *Мир преку соработка, компетенции и знаења,* поддржан од Одделот за меѓународна соработка при Факултетот за образование од Цирих, Швајцарија, а во соработка со Бирото за развој на образование (БРО) и Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО),планирана е реализација на онлајн обуки (дисеминација) за наставници .Од нашето училиште делегирани се 9 одделенски 9 предметни наставници кои ке ги следат истите и ќе ја спроведат дисеминацијата.

Под покровителство на МОН и МЦГО беше одржан онлајн семинар на тема Децата и семејството во образованието ДИСО во времетраење од 2 дена на кој учество земаа одделенски наставници од петто и трето одд. Одделенските наставници од петто одд. беа учесници и на семинарите „Планирање и реализација на наставата според концпцијата за основно образование“ во времетраење од 2 дена под покровителство на МОН и БРО и Инклузија родова сензитивност и меѓуетничка интеграација исто во траење од 2 дена.

Во континуитет течеа обуките за ПИРЛС.

Предметните наставници по географија ги проследија редовните годишни семинари под покровителство на МГД. А под покровителство на БРО од страна на повеќе предметни наставници беше проследен семинар „Програма за животниве штини и личен развој на учениците“.

Учебната 2020/21 год. училиштето ја започна со вкупно 56 паралелки во централното училиште ( 25 во одделенска и 20 во предметна настава) , 6 паралелки во подрачното училиште во населбата „Иго Трчковиќ“ и 5 паралелки во подрачното училиште во село Тромеѓа. )

# БРОЈНА ПОЛОЖБА НА УЧЕНИЦИТЕ

| Одд. парал | Бројна положба | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишани | | | При дој. | | Отидени во друго училиште | | Со изјави за странс. и др. | | | Останале | | |
| | м | ж | Вк. | м | ж | м | ж | м | ж | вк | м | ж | вк |
| I | 67 | 64 | 131 | 1 | 1 | | 1 | | | | 67 | 65 | 132 |
| II | 66 | 68 | 134 | | | | | | | | 66 | 68 | 134 |
| III | 67 | 74 | 141 | | | | | | | | 67 | 74 | 141 |
| ***I-III*** | ***200*** | ***206*** | ***406*** | ***1*** | ***1*** | | ***1*** | | | | ***200*** | ***207*** | ***407*** |
| IV | 60 | 64 | 124 | | | | | | 1 | 1 | 60 | 63 | 123 |
| V | 74 | 67 | 141 | | | | 1 | | | | 74 | 66 | 140 |
| VI | 68 | 69 | 137 | 1 | | 1 | | 1 | 1 | 2 | 67 | 68 | 135 |
| ***IV-VI*** | ***202*** | ***200*** | ***402*** | ***1*** | | ***1*** | ***1*** | ***1*** | ***2*** | ***3*** | ***201*** | ***197*** | ***398*** |
| VII | 71 | 50 | 121 | | | | | | 1 | 1 | 71 | 49 | 120 |
| VIII | 60 | 52 | 112 | | | 1 | | | 1 | 1 | 59 | 51 | 110 |
| IX | 56 | 62 | 118 | | | | | | | | 56 | 62 | 118 |
| **VII- IX** | ***187*** | ***164*** | ***351*** | | | ***1*** | | | ***2*** | ***2*** | ***186*** | ***162*** | ***348*** |
| ***I-VI*** | ***402*** | ***406*** | ***808*** | ***2*** | ***1*** | ***1*** | ***2*** | ***1*** | ***2*** | ***3*** | ***401*** | ***404*** | ***805*** |
| ***I-IX*** | ***589*** | ***570*** | ***1159*** | ***2*** | ***1*** | ***2*** | ***2*** | ***1*** | ***4*** | ***5*** | ***587*** | ***566*** | ***1153*** |

На почетокот од учебната година се запишани 1159 ученици , а на крајот на учебната 2020/21 год. останале 1153 ученици. Придојдени се 3 ученици, 4 ученици се отидени да се школуваат во друго училиште и 5 ученици се со изјави за заминување во странство (: од IV-VI -3 и од VII- IX -2 )На крајот на учебната година, бројот на учениците е намален за 6 ученици.

| НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одделение** | **Македонци** | | **Срби** | | **Роми** | | **други** | | **Вкупно** | | |
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **ВК** |
| I | 53 | 45 | 1 | 3 | 13 | 17 | | | 67 | 65 | 132 |
| II | 48 | 43 | 2 | 4 | 16 | 21 | | | 66 | 68 | 134 |
| III | 49 | 54 | 4 | | 15 | 20 | | | 67 | 74 | 141 |
| **I-III** | ***150*** | ***142*** | ***7*** | ***7*** | ***44*** | ***58*** | | | ***200*** | ***207*** | ***407*** |
| IV | 39 | 49 | 7 | 1 | 14 | 14 | | | 60 | 63 | 123 |
| V | 58 | 55 | 3 | | 13 | 12 | | | 74 | 66 | 140 |
| VI | 57 | 59 | 3 | 1 | 9 | 9 | 1 | | 67 | 68 | 135 |
| **IV-VI** | ***154*** | ***163*** | ***13*** | ***2*** | ***36*** | ***35*** | ***1*** | | ***201*** | ***197*** | ***398*** |
| VII | 56 | 46 | 1 | | 14 | 3 | | | 71 | 49 | 120 |
| VIII | 56 | 45 | | 4 | 3 | 2 | | | 59 | 51 | 110 |
| IX | 51 | 61 | 1 | 1 | 4 | | | | 56 | 62 | 118 |
| **VII-IX** | ***163*** | ***152*** | ***2*** | ***5*** | ***21*** | ***5*** | | | ***186*** | ***162*** | ***348*** |
| **I-IX** | ***467*** | ***457*** | ***22*** | ***14*** | ***101*** | ***98*** | ***1*** | | ***587*** | ***566*** | ***1153*** |

Анализирајќи го националниот состав на учениците, се забележува дека во најголем број се застапени учениците од Македонска националност – 924, 199 се учениците од Ромска националност и 36 ученици се од Српска националност. Ако се пресмета во проценти, тоа е 80,14% Македонци ; 17,26 Роми и 3,12 Срби.

Бројот на учениците од Македонска иСрпска националност се задржува во континуитет во текот на трите ВОП, додека кај учениците од Ромска националност, тој драстично опаѓа( од 58 во првиот ВОП , 35 во вториот , до 5 на крајот од ВОП. Ова драстично намалување се должи на заминувањето на ромските семејства на привремена работа во странство, прерасntост и сл.

| Успех на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Од прво до трето одд. описно се оценети 407 ученици | | | | | | | | | |
| Ученици без слаби оценки | | | | | | | | | |
| одд. | одлични | Мн.добри | Добри | Доволни | Вк.помин. | Повторув. | Упатени на одд. испит во август | | Сред. успех |
| IV | 57 | 26 | 19 | 20 | 122 | / | 1 | | 3,8 |
| V | 75 | 30 | 16 | 19 | 140 | / | / | | 4,09 |
| VI | 37 | 42 | 28 | 18 | 125 | 3 | 7 | | 3,69 |
| **IV-VI** | **169** | **98** | **63** | **57** | **387** | **3** | **8** | | 3.86 |
| **VII** | 32 | 34 | 32 | 14 | 112 | 8 | / | | 3,72 |
| **VIII** | 39 | 22 | 32 | 16 | 109 | 1 | / | | 3,71 |
| **IX** | 50 | 36 | 27 | 5 | 118 | 0 | / | | 4,06 |
| **VII-IX** | **121** | **92** | **91** | **35** | **339** | **9** | **/** | | 3.83 |
| **IV-IX** | **290** | **190** | **154** | **92** | **726** | **12** | **8** | | 3.85 |

**Од прво до трето одд. 55 ученици побавно напредуваат**:

I.одд. вкупно 17 ученици (11 Роми и 6 ученици од македонска националност )

II.одд. вкупно 21 (18 ученици се Роми и 3 од македонска националност )

III. одд. вкупно 17 ( 15 Роми и 2 ученици од македонска националност )

**Вкупно, од прво до трето одд. 55 ученици побавно напредуваат (44 ученици од ромска националност и 11 Македонци**

Најчести причини за побавно напредување се: нередовност, незаинтересираност, прераснатост, слаба комуникација,непознавање на македонскиот јазик, несоцијализираност, тешкотии во прилагодување,пречки во говор,преголема емоционална приврзаност кон еден од родителите(особено мајката), агресивност , поголема потреба од помош при работата и др.

За надминување на ваквата состојба, редовно се одржуваат часови за дополнителна настава од страна на наставниците,континуирано се одржуваат и советувања со учениците и родителите од страна на психологот и индивидуални и групни средби на наставниците и одделенските раководители.

**Во четврто одд**. оценувањето е бројчано и сите 122 ученици го поминуваат одделението а 1 ученик е на одделенски испит. Среден успех на ниво на одделението е 3,8 и е за 0.36% понизок во однос на претходната година.

**Во петто одд**. од вкупно 140 ученици, сите се без слаби оценки . Среден успех на ниво на одделението е 4,09 и е за 0.08 понизок од лани.

**Во шесто о**дд. од вкупно 135 ученици, 125 поминуваат , 3 повторуваат и 7 ученици упатени на одделенски испит во августовскиот испитен рок.Среден успех на ниво на учениците кои го поминуваат одделението е 3,69 и е идентичен со успехот во претходната година .

**Во седмо одд.** од вкупно 120 ученици, 112 поминуваат, и 8 ученици го повторуваат одделението. Среден успех на ниво на одделението е 3, 72 и е за 0.22 повисок од лани.

**Во осмо одд.** од вкупно 110 ученици, 109 поминуваат во наредната учебна година а 1 ученик го повторува одделението.Среден успех на ниво на одделението е 3,71 и е за 0.21 подобар од лани.

**Во девето одд**. од вкупно 118 ученици, сите го поминуваат одд.Средниот успех на ниво на одделението е 3.5 и е за 0.03 повисок во однос на претходната учебна година.

Од учениците што се оценуваат бројчано (763)- 311 се одлични, 206 многу добри, 201 со добар успех и 46 доволни, или 760 ученици го поминуваат одделението, а  8 ученици се упатени  на одделенски  испит во августовскиот испитен рок.

Средниот успех на учениците за одделенијата кои бројчано се оценуваат изнесува 3.85 и е за 0,06 понизок од минатата  учебна година.

Споредено по одделенија, најнизок среден успех има кај учениците од шесто одделение 3.69, а највисок во петто 4.09

Што се однесува  општо за начинот на работење и начинот на оценување, мораме да истакнеме дека ова е втора година каде се работи во услови на пандемија  со вирусот Ковид 19.

Уште  почетокот на учебната година почна со задоцнување од 1 месец. Уписите на првачињата исто беа пролонгирани наместо во мај, во јуни . Учениците  оваа година ја започнаа  неспремни со уреди за следење на настава од далечина.Некои останаа и до крајот на учебната година да се снаоѓаат како знаат и умеат за да го пратат следењето на наставата.На други, иако им беа поделени таблети, сепак условите во кои живеат не им овозможија да ја следат наставата(немање интернет,исклучување на истиот, дури и немање струја ). Одреден  број на ученици до крајот на учебната година не успеаја воопшто да се вклучат во наставата од објективни или субјективни за нас непознати  причини. Наставниците заедно со стручната служба во училиштето постојано се обидуваа да најдат начини за надминување на проблемите со кои се соочуваа.Се посетуваа семејствата   во домашни услови, се доставуваа пишани материјали, се известуваа: ДПИ,Центар за социјална работа, се ангажираа медијатори и образовни асистенти од  НВО и сл.

Разбирливо , и оценувњето на учениците се одвиваше он лајн и во отежнати услови.. Тие беа оценувани врз основа на  покажаните резултати на далечина, доставуваните домашни задачи, и сл.



# ПРЕГЛЕД НА ПОВЕДЕНИЕТО И РЕДОВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ

| одд. | Педагошки мерки | | | | | Иостаноци | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Усна Опом. | Писм. опом | Укор | намал. повед. | Премест.во др. Парал. | оправдани | | | неоправдани | | | Вкупно | | |
| | | | | | | м | с | р | м | с | р | м | с | р |
| I | | | | | | 293 | | 285 | | | 464 | 293 | 0 | 749 |
| II | | | | | | 569 | | 1277 | | | 830 | 569 | | 2107 |
| III | | | | | | 392 | | 238 | 285 | | 721 | 677 | | 1001 |
| IV | 3 | 2 | / | / | / | 113 | | 179 | 28 | | 4598 | 141 | | 4777 |
| V | / | / | / | / | / | 134 | | 36 | | | 262 | 134 | | 298 |
| **I-V** | 3 | 2 | / | / | / | **1501** | **/** | **2015** | **313** | **/** | **6875** | **1814** | **/** | **8932** |
| VI | 11 | 4 | 1 | 9 | / | 276 | 6 | 439 | 1654 | 145 | 4525 | 1930 | 151 | 5528 |
| VII | 8 | 6 | 2 | / | / | 341 | 20 | 110 | 543 | | 6112 | 884 | 25 | 6222 |
| VIII | / | / | / | / | / | 1317 | 144 | 201 | 521 | 27 | 87 | 1950 | 171 | 288 |
| IX | / | / | / | / | / | 1247 | | 0 | 309 | | 259 | 1358 | 0 | 289 |
| **VI-IX** | 19 | 10 | 3 | 9 | / | **3181** | **170** | **750** | **3027** | **172** | **10983** | **6122** | **347** | **12327** |
| **I-IX** | 22 | 12 | 3 | 9 | / | **4682** | **170** | **2765** | **3340** | **172** | **17858** | **7936** | **347** | **21259** |

Најмногу **неоправдани изостаноци** имаат учениците од VII одделение – 6655, а најмалку учениците од V одд. 2 6 2

По **оправдани изостаноци**, на прво место се учениците од VIII одд. со 1662 .Најмалку оправдани изостаноци имаат учениците од V одд. 170.

Во однос на **вкупниот број на изостаноци**, најмногу имаат учениците од VI одд 7 6 0 9

Оваа учебна година од страна на учениците од **одделенска настава** направени се 3516 оправдани, 7188 неоправдани, или вкупно 10704 изостаноци.

Учениците од **предметна настава** направиле 6116 оправдани, 14182 неоправдани или вкупно 20298 изостаноци.

На ниво на училиште од **I-IX одд. направени се 7617 оправдани, 21370 неоправдани или вкупно 28987 изостаноци што е за** 10046 повеќе отколку лани. Ова се должи на проблемите кои се појавија со онлај наставата која пак беше спроведена поради пандемиските услови.Голем дел од учениците се наоѓаа на работ од егзистенцијата и многу тешко ги усогласуваа семејните со потребите кои ги налагаа новонастанатите услови- таблет или телефон на располагање, земање на пишани материјали и сл.

# ПОВЕДЕНИЕ

Оваа учебна година се изречени вкупно 41 педагошкаи мерки, за 7 повеќе од предходната учебна година.

Во однос на видот на педагошката мерка ,изречени се: 19 усни, 10 писмени и 3 укора и на 9 ученици им е намалено поведението.

По одделенија, најмногу изречени педагошки мерки има во шесто одделение 25; а .најмалку во четврто -5

За подобрување на успехот на учениците, претставници од стручната служба преземаат низа активности кои претставуваат законска регулатива како што се советувања на родители, ученици, поединечни, групни и сл.

Во текот на оваа учебна година со оглед на новонастанатата ситуација одржани се помалку советувања.Со оглед на запазување на пропишаните мерки на заштита,советувањата беа одржувани воглавно он лајн со користење на телефонски јавувања, вајбер јавувања, а по потреба , доколку изостануваше ова, родителите беа повикувани во холот на училиштето. Се работеше исто како и претходно, по 2 основа:

Намален успех во учењето и нередовно посетување настава.Имаше и занемарлив број на проблематични однесувања.

Родителите на советување се повикуваа со доставена покана по пошта или со телефонско јавување. Бројот на родители кои ги посетуваа советувањата не беа на задоволително ниво но сепак ефектите од советувањата не изостанаа.

По првиот и вториот основ,одржани се поголем број на поединечни телефонски советувања со по 2 средби во текот на првото и второто полугодие. Помал е бројот на советувања кои се одржани со физичко присуство . ( Извештајот од одржани советувања е прилог на овој извештај.)

По реализираните средби за советување родители на ученици, се следи состојбата кај учениците.

Освен овие средби, постојано , по потреба во текот на целата учебна година,стручната служба на училиштето работеше и на советување на ученици- воглавно поединечно зедно со нивние родители или посебно според потребите и можностите.



# Реализација на воннаставните воспитнообразовни подрачја

| Одд. | Вид на активност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Допол. настава | Додат. Настав. | ОКР | Здр.зашт на учен. | Совет на одд. и предм наст. | Индив. разгов со родител | Групни разгов. со родител | Родител. состан. |
| I | / | / | 22 | 110 | 28 | 39 | 7 | 42 |
| II | 203 | 163 | 84 | 112 | 32 | 67 | 32 | 40 |
| III | 181 | 165 | 57 | 79 | 28 | 35 | 6 | 35 |
| IV | 193 | 189 | 105 | 153 | 28 | 69 | 33 | 46 |
| V | 190 | 186 | 62 | 80 | 32 | 70 | 10 | 37 |
| **I-V** | **767** | **703** | **330** | **534** | **148** | **280** | **88** | **200** |
| VI | 24 | 28 | / | 36 | 25 | 80 | 14 | 25 |
| VII | / | / | / | 12 | 20 | 98 | 8 | 25 |
| VIII | 101 | 101 | / | / | / | / | / | / |
| IX | / | / | / | / | 6 | 29 | 11 | 10 |
| **VI-IX** | **125** | **129** | **/** | **48** | **46** | **207** | **33** | **60** |
| **I-IX** | **892** | **832** | **330** | **582** | **194** | **487** | **121** | **260** |

# Дополнителна и додатна настава

Што се однесува до реализацијата на наставни часови по одделенија,оваа година имаме намалена реализација во склоп на можностите со новонастанатата ситуација со Корона вирусот и пролонгираниот почеток на новата учебна година од 1 месец.

Часовите за дополнителна и додатна настава се реализираа континуирано според потребите и можностите.

Во дополнителна настава реализирани се вкупно 892 часа, а во додатна 832.Најмногу часови се одржани во второ одделение 203, а најмалку в шесто- 24.

Во додатна настава реализирани се вкупно 832 часа .Од нив 703 се во одделенска и 129 во предметна настава .

Соработката со родители е на завидно ниво што се гледа од бројот на реализирани индивидуални и групни разговори воглавно со он- лајн контакти со родители, телефонски разговори и одржаните родителски состаноци.



По повод 8-ми Април, Меѓународен ден на Ромите ,претседателот на Совет на општина Куманово Атина Мургашанска и членот на Советот на општината Самет Салиевски, го посетија ООУ “Христијан Карпош”-Куманово. На 300 ученици од I до III одделение, кои посетуваат настава со физичко присуство во ова училиште, им беше подарен училишен прибор од име на Советот на општината.

Во услови на пандемија, Патрониот празник на училиштето беше скромно одбележан.Беа распишани литературен и ликовен конкурс на кој учество земаа учениците од прво до трето одд. Пред бистата на патронот, од страна на директорката и претставници од стручната служба, одделенските и предметните наставници беше положено свежо цвеќе, а потоа беа прочитани наградените литературни творби. Од ликовните творби на тема „Нашиот патрон во очите на првачињата“ во холот на училиштето беше направена изложба . Онлајн презентации на ниво на генерации:VII одд.,,За Карпош со љубов,, малку поезија,,Убав пишан збор во чест на нашиот Патрон,,; ,,Големи и мали за нашиот Патрон,, и др.

Со почетокот на месец мај, ќе стартува уписот на првачињата за наредната учебна година. За поголема заштита на оние кои го спроведуваат уписот како и на оние кои се запишуваат, оваа година по препораките на МОН предвидено е за сите оние кои имаат доволно технички познавања и можности своите деца да ги запишат електронски , додека за останатите дадени се можности и за запишување со физичко (присуство секако со запазување на предвидените мерки на заштита.) Со поконкретни информации родителите благовремено ќе бидат известени.

Од наредната учебна година, наставата за учениците од прво и четврто одд. ќе стартува со нови наставни програми.За учениците од прво одд. веќе се доставени до училиштето и истите ќе се разгледуваат на стручен актив.За сите одделенски и предметните наставници кои предаваат, предвидени се 3 сета на обуки кои треба да ги поминат. Со нова програма ќе стартуваат и учениците од четврто одд., но за неа се чекаат дополнителни известувања.

## Реализација на вонраставни воспитно-образовни подрачја

Од одржаниот наставнички совет за успехот и редовноста на учениците во првиот квартален период и податоци од табеларни прегледи, можеме да констатираме дека работата во училиштето се реализира во новонастанатите услови на пандемија. Иако оваа учебна година започна со задоцнивање од 1 месец, во вонредни услови, со намалено времетраење на часовите и со скратена програма за работа, сепак со многу заеднички напори и залагање образовновоспитниот процес се одвива континуирано и квалитетно.

Во тек се активностите од пилот проектот за тестирање на учениците од четврто одделение PIRLS. Суштината на овој проект во кој е вклучено и нашето училиште се состои во тестирање на учениците по македонски јазик за читање со разбирање со цел поголема мотивираност за читање и насоченост кон разбирање на прочитаното.Одржана е координативна средба со одделенските наставници од четврто одделение и Сања Пачкова како претставник од ДПИ.Како координатор од нашето училиште е назначена Емина С. Денковска .

Подготовките течат, координативните средби се секоја втора недела, добиени се материјалите по кои ќе се работи и во тек се активностите кои претстојат. Со оглед на тоа што проектот ќе продолжи и наредната година и понатаму, а материјалите се веќе пристигнати, добро би било и останатите одделенски наставници од прво до трето одделение да стапат во контакт со Емина која ќе им ги достави материјалите со цел навремено започнување на подготовките за тестирањето кое ќе претстои.

Во месец мај одржано е и тестирање на учениците од четврто одделение и се чека на добивање на резултати.
По повод 21 ви Март-ден на екологијата креирана е брошура ,,Како да се заштитиме од Ковид 19,,со илустрации и текст

"Едукација и правилна исхрана" работилница по повод 7 Април, Светски ден на здравјето која ја реализиравме со учителката Марина Стојановска и учениците од IV одд. од ПОУ "Христијан Карпош", с.Тромеѓа. Преку забава до значајни совети. за правилна исхрана и негување на нашето здравје. Здрава исхрана-клуч за здрав живот! Благодарност за соработката

По повод 22 ри Април –Светски ден на планетата Земја под менторство на наставникот Љубинка Велкова ,организирана е креативна работилница со учениците од прво одделение.Роденденот на планетата Земја и го честитаа и повозрасните ученици со лични творби и цртежи.

**Проекти**

И оваа година, училиштето работи на повеќе проекти.

Стартуваше пилот проектот преку МОН со поддршка на UNDP, „Основно образование за возрасни“.

Преку проектот „Биди ин ,биди инклузивен , биди инклудиран“ ќе бидат реновирани санитарните јазли во училиштето.

Проекти преку програмата „145 училишни спортски сали“ од МОН, со финансиска поддршка на МОН, Светска банка и Европски фонд за обнова и развој. Преку овој проект ќе се реконструираат прозорци, санитарни јазли, подови и кровна конструкција. Обновување на фасадата е влезено во програмата за наредната учебна година.

Фондацијата „Чекор по чекор“ и ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово потпишаа Договор за соработка со цел успешна реализација на активностите од проектот „Редовно на часови: Акција за вклучување на Ромите во основното образование“. Во рамки на овој проект ќе се реализираат низа воннаставни активности во одделенска настава во рамки на проект за мали грантови за поддршка на училишните иницијативи. Како резултат на овој проект училиштето ќе обезбеди поголема видливост на учениците стипендисти и ќе биде побогато со нагледни и дидактички образовни материјали за одделенска настава. Исто така ќе биде едно од училиштата кои располагаат со паметна интерактивна табла. Проектот е финансиран од страна на Европска Унија и Фондација отворено општество Македонија. Веќе се започнати активностите од истиот.Одржани се 4 работилници со коколу 60 стипендисти од МОН и МЦГО од прво до четврто одд.

Во рамките на Erazmus + се работи на нови 2 проекти:

Првиот е Mat –Dama, facing dyslexia and diskalkulia кој ќе се реализира во периодот од 2020 до 2023 год. Тој е наменет за ученици од 8 до 10 години.Предвидени се 6 средби од кои на една сме ние домаќини, но поради услови на пандемија, истите се одложени до подобрување на условите за работа. Активностите од овој проект се започнати со направени истражувања во 6 паралелки од прво до петто одд., 15 учителки и 2 НВО- Порака наша и Здружение Ајнштајн.

Вториот проект е Digitalisation and inklusive edukation: leaving no one behind in the digital era. Тој е транссекторски, опфаќа ученици на возраст од 6 до 12 години и трае од 2021 до 2023 год.

Сега за сега (поради условите на пандемија,) се што се работи е во виртуелен свет и се уште нема никакви насоки за понатамошни активности.

Добиен е и проектот од МОН преку програмата 145 училишни спортски сали поддржано од Општина Куманово во вкупен износ од 8 870 010 ден. Овој проект опфаќа:

1. Реконструкција на подовите во сите училници
2. Санација и реконструкција на санитарните јазли во крилото од наставниците
3. Реконструкција на кров
4. Замена на сите дрвени и алуминиумски прозорци;

Добиен е и проектот за реконструкција на фасада со термоизолација преку истата програма која ќе се реализира после 6 месеци.

**Натпревари**

На конкурсот објавен од Републичкиот детски литературен фестивал „Ракатки“ за литературната творба „Снежна приказна“ ученичката, Лина Димковска од IV-б одделение под менторство на одд. наставник Александра Павловска го освои III место.

На републичко ниво , на објавениот Конкурс за ученици од основно образование инспирирани од делата на Блаже Конески: Сара Алексовска IVб одд. под менторство на истиот одд. наставник и Богдан Симоновски VIII б- ментор Фросина Пешевска го освоија I место.

**На општинскиот натпревар по математика** организиран од страна на СММ нашите ученици ги постигнаа следниве резултати:

**IV одделение**

*Ментор Александра Павловска*

- Алекс Стојилковиќ, I место
- Лина Димковска, I место
- Лука Ѓориќ, I место
- Ангел Димковски, I место

*Ментор Даниела Стефановска*

- Андреј Насевски, III место
- Јован Митровски, учество
- Анастасија Крстевска, III место
- Симона Ефремовска, учество
- Теодора Ангеловска, учество
- Марко Тодоровски, учество

**V одделение**,

*ментор Лидија Николиќ*

- Лина Ангеловска, учество

**VII одделение**,

*ментор Габриела Николовска*

- Анастасија Левковска, II место
- Софија Лазиќ, учество

**VIII одделение***,*

*ментор Виолета Митровска*

- Ива Додевска, III место
  Анастасија Трајковска, III место
- Богдан Симоновски, III место
- Теа Јанковска, учество

**На регионалниот натпревар по математика** организиран од страна на СММ нашите ученици ги постигнаа следниве резултати:

**IV одделение**

*- ментор: Александра Павловска*

1. Ангел Димковски - I награда
2. Алекс Стојилковиќ - I награда
3. Лина Димковска - I награда
4. Лука Ѓориќ - II награда

*- ментор: Данијела Стефановска*

1. Анастасија Крстевска - пофалница

. Андреј Насковски - пофалница

V одделение

*- ментор: Лидија Николиќ*2

1. Лина Ангеловска - I награда

VII одделение

*- ментор: Габриела Николовска*

1. Анастасија Левковска - III награда

VIII одделение

*- ментор: Виолета Митровска*

1. Богдан Симоновски - I награда
2. Анастасија Трајковска - II награда
3. Ива Додевска - II награда

Големо БРАВО за постигнатиот успех на сите ученици и честитки за нивните ментори.

Му посакуваме многу успех на ученикот Богдан Симоновски на државниот натпревар по математика

**На општински натпревар по природни науки** оддржан на 16.04.2021 нашите ученици ги постигнаа следниве резултати:

**IV одделение**

*- ментор: Александра Павловска*

1. Сара Алексовска - III награда
2. Силвија Милковска - Пофалница
3. Мирослав Левковски - Пофалница

*- ментор: Емина Денковска*

1. Јован Коцевски - III награда

**V одделение**

*- Ментор Елена Ангеловска*

1. Сергеј Јовановски - III награда
2. Ана Колевска - III награда
3. Ана Спиридоновска - III награда
4. Вилијам Алексовски - III награда
5. Марија Трајковска - Пофалница
6. Теодора Стојчевска - Пофалница
7. Софија Митевска - Пофалница
8. Дамјан Петковски - Пофалница

**VI одделение**

*- ментор: Драгана Божиновска*

1. Бисера Димовска - Пофалница
2. Стефанија Симоновска - Пофалница
3. Ања Трајчевска - Пофалница

**На Општинскиот натпревар по биологија** нашите ученици ги освоија следните награди: Јован Петрушевиќ 7в трето место. Од 8-мо Теа Јанковска-прва на листа(втора награда),Ива Додевска-втора на листа (втора награда),Богдан Симоновски и Илина Стојановска трета награда,(сите четворица одат на регионален).Наталија Стошиќ и Клара Љубевска-учество. Од 9-то одд. Екатерина Петровска освои трета награда-оди на регионален, Илина Младеновска пофалница-оди на регионален,Кристијан Трајковски пофалница-оди на регионален,Тијана Додевска и Тамара Ѓорѓиевска -учество,.На сите им честитаме за постигнатиот успех и им посакуваме успеси понатаму во животот како и на регионалниот натпревар.

**На Регионалниот натпревар по физика** Ива Додевска од 8в освои III награда, Анастасија Трајковска и Теа Јанковска од 8б - пофалници.

**На Регионален натпревар по географија.**Учениците Теа Јанковска и Богдан Симоновски од 8 одд.постигнаа одлични резултати со освоени две први места.

Со надеж за повторување на успехот и на државен натпревар им честитаме на учениците и менторот Дејан Младеновски.

На општински натпревар по англиски јазик, нашите ученици постигнаа извонредни резултати:
5 одд. Вилијам Алексовски, прво место, ментор Ана Нојковска, Наум Петковски, прво место, ментор Мартин Јованчевски
6 одд. Лазар Фуртула прво место, Моника Илиевска прво место, ментор Милица Тимчевска
7одд. Хана Асановска, прво место, Илина Ѓурковска, прво место, ментор Билјана Петровска
8 одд. Теа Велковска, прво место, Елеонора Алексовска, второ место, ментор Елена Алексиевска
9 одд. Теодор Митевски, прво место, ментор Елена Алексиевска, Марта Колевска прво место , ментор Милица Тимчевска

ELTAMK
Educate & Empower

| ОФИЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГИОНАЛНИОТ НАТПРЕВАР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| ООУ„Христијан Карпош“-Куманово | Ученици | Освоено место | Ментор |
| V одделение | Вилијам Алексовски<br>Наум Петковски | I место<br>II место | Ана Нојковска<br>Мартин Јованчевски |
| VI одделение | Лазар Фуртула<br>Моника Илиевска | I место<br>I место | Милица Тимчевска |
| VII одделение | Илина Ѓурковска<br>Хана Асановска | I место<br>I место | Билјана Петровска |
| VIII одделение | Теа Велковска<br>Елеонора Алексовска | I место<br>II место | Елена Алексиевска |
| IX одделение | Теодор Митевски<br>Марта Колевска | II место<br>II место | Елена Алексиевска<br>Милица Тимчевска |

Презентацијата ја изработи

психологот Арсовска Јадранка

во соработка со:

Стручните соработници
Слаѓана Ѓориќ и Милена Пауновиќ

Директор:
Лидија Костиќ

јули, 2021 год.

Техничка реализација:
Мартин Јованчевски